ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 383 и член 479 став 2 и став 3 од Законот за трговските друштва и член 40 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Собранието на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата одржана на ден 03.04.2023 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

За овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2023 година се назначува ревизорското друштво ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО, Скопје (PwC).

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на АЛКАЛОИД АД Скопје
Претседавач

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Службата за Финансии на АЛКАЛОИД АД Скопје согласно Правилникот за начинот на избор, извршување и известување за надворешна ревизија достави до Надзорен одбор образложен Предлог за избор на надворешен ревизор за вршење редовна годишна ревизија.

Надзорниот одбор имајќи го во предвид образложението дадено во Предлогот доставен од службата за Финансии донесе одлука за усвојување на Предлогот за избор на надворешен ревизор и истиот се достави до Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Управниот одбор донесе одлука со која се предлага Собранието на АЛКАЛОИД АД Скопје да донесе одлука за овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2023 година да се назначи ревизорското друштво ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО, Скопје (PwC).

Имајќи го во предвид наведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

.